ЦЕНТРАЛЕН
ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**

# ПРАВИЛА ЗА РАБОТА
# НА
## ЦЕНТРАЛНИОТ ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**Скопје, Април 2024**

**Овој пречистен текст на Правилата за работа се применува од 25.02.2019 година.** Пречистениот текст е утврден врз основа на Пречистен текст на Правила за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје бр.01-6840/1 од 11.12.2013 година, Одлука за измени и дополнувања на Правила за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје бр.02-5759/1 од 01.12.2015 година, Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија УП бр.08-159 од 28.12.2015 година и Одлука за постапување по Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (УП бр.08-159 од 28.12.2015 година) бр. 02-116/1 од 11.01.2016 година, Одлука за изменување и дополнувања на Правила за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје бр.02-6283/1 од 13.11.2018 година, Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија УП бр.08-69 од 19.12.2018 година, Одлуката за измени и дополнувања на Правила за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје бр.02-60/1 од 30.01.2019 година и Решение УП1 08-5 од 15.02.2019 година, Одлуката за измени и дополнувања на Правила за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје бр.02-967/1 од 06.03.2024 година и Решение УП1 08-29 од 01.04.2024 година.
.

**СОДРЖИНА :**


1. **Значење на изразите (дефиниции)**
2. **Општи одредби**
3. **Членки на Депозитарот**
4. **Упис на хартии од вредност**
5. **Утврдување и порамнување на трансакции со хартии од вредност**
6. **Користење на податоци и начин на известување**
7. **Заштита од грешки**

**7-а. Организација на ИТ Центар**

8. **Преодни и завршни одредби**

## 1. ЗНАЧЕЊЕ НА ИЗРАЗИТЕ

Во овие Правила, во упатствата и другите акти што ги донесува Централниот депозитар за хартии од вредност, како и во договорите што ги склучува со неговите членки, со издавачите и со сопствениците на хартии од вредност, доколку од содржината на поедини одредби не произлегува поинаку, подолунаведените изрази го имаат следното значење:

**Акумулирана камата**: камата што ја носат должничките хартии од вредност што при тргувањето треба да му се надомести на претходниот сопственик од страна на купувачот.

**Берза**: овластена берза за хартии од вредност.

**Блокирање:** постапка со која по извршената продажба на хартии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност ги означува хартиите од вредност, со што истите понатаму можат да се пренесуваат само во постапката на порамнување на денот на порамнувањето.

**Бришење на хартии од вредност**: бришење на хартиите од вредност од Депозитарот, кое се врши поради достасување на хартијата од вредност (кај должничките хартии од вредност), престанок на издавачот, статусни промени на издавачот и.т.н

**Бруто порамнување:** систем на порамнување со кој преносот на хартиите од вредност се извршува за секоја склучена трансакција поединечно.

**Вкрстена проверка**: дополнителна проверка на податоците кои се запишуваат како електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност по пат на споредување на тие податоци со други бази на податоци кај соодветни институции во Република Македонија.

**Ден на порамнување:** утврден датум на кој Централниот депозитар за хартии од вредност ги порамнува трансакциите со хартии од вредност.

**Договорен (планиран) ден на порамнување:** датумот кој бил договорен како ден на пфорамнување помеѓу учесниците во трговската трансакција.

**Вистински ден на порамнување:** датум на порамнување кој е подоцнежен од договорениот ден на порамнување, бидејќи трговската трансакција која што била неуспешна, била порамнета во некое од следните порамнувања.

**Ден на тргување**: датумот на кој е извршено тргувањето со хартии од вредност.

**Емисија на хартии од вредност**: издавање на нови хартии од вредност согласно Законот за хартии од вредност.

**ИТ-центар** е место кадешто се сместени системите за информатичка технологија (хардверски или софтверски) преку кои се извршуваат деловни операции на Депозитарот поврзани со утврдувањето, порамнувањето и евиденцијата за хартии од вредност и другите услуги и подсистеми кои се обезбедуваат од страна на Депозитарот.

**Запишување:** постапка на регистрирање на правните и физичките лица кои пројавиле интерес за купување на хартии од вредност од нова емисија при приватна понуда на хартии од вредност, односно запишување на хартии од вредност преку овластена берза во постапка на јавна понуда на хартии од вредност.

**Застапник:** физичко лице кое согласно закон е овластено да располага со хартиите од вредност на сопственикот.

**Затворање на сметка**: постапка со која Централниот депозитар за хартии од вредност го брише електронскиот запис за некој сопственик на хартии од вредност и неговите сопственички позиции во компјутерскиот систем.

**Издавач:** правно лице кое во системот на Централниот депозитар за хартии од вредност е задолжено и одговорно за извршување на обврските кои произлегуваат од издадените хартии од вредност.

**ИСИН**: единствен неповторлив идентификационен број, кој согласно меѓународните стандарди се доделува на хартиите од вредност. Неговата структура е определена со ISO 6166. Хартиите од вредност, на ниво на ИСИН број, во Депозитарот можат да бидат со активен или пак блокиран статус, во зависност од тоа дали во моментот постои правен основ за стопирање на сите дејствија поврзани со тие хартии од вредност (одлука на надлежен орган).

**Испорака наспроти плаќање:** постапка за пренос на хартии од вредност и пренос на паричните средства, која обезбедува пренесувањето на хартиите од вредност да се изврши единствено и истовремено, доколку се изврши плаќањето, односно целосна синхронизација (истовременост) на преносот и плаќањето.

**Клиент на членката:** физичко или правно лице по чиј налог и во чие име и сметка, членката на Централниот депозитар за хартии од вредност реализира трансакции со хартии од вредност.

**Комисија:** Комисија за хартии од вредност на Република Македонија.

**Компјутерски систем:** софтверска апликација преку која Централниот депозитар за хартии од вредност ги извршува своите функции и која работи на сооодветна хардверска платформа.

**Комуникациска мрежа:** начин на електронско поврзување на Централниот депозитар за хартии од вредност и неговите членкии овластените берзи.

**Конечност и неотповикливост на порамнувањето:** правна заштита дека преносот на пари и хартии од вредност не може да биде отповикан.

**Конечно непорамнета трансакција:** трансакција која не била порамнета во предвидениот рок утврден со Законот за хартии од вредност и овие Правила, ниту можела да се порамни со примена на Правилата за гарантен фонд.

**Корисник:** правно или физичко лице кое ги користи услугите на Централниот депозитар за хартии од вредност, но не учествува директно во работата на Централниот депозитар за хартии од вредност .

**Корпоративни дејства:** дејствија коишто се однесуваат на исплата на дивиденда, камата и главница кај обврзниците (т.н. дистрибуциски копоративни дејствија), поделба или спојување на акциите, спојувања, преземања и други статусни промени (т. н. капитализациски корпоративни дејства), како и привилегиите (на пр. право на предност на купување акции) што му припаѓаат на сопственикот на хартиите од вредност (т. н. привилегирани корпоративни дејства).

**Налогодавач:** сопственик на сметка на хартии од вредност или лице овластено од него кое со налогот за упис или промена на сопственичките позиции во Централниот депозитар за хартии од вредност, стекнува или отуѓува било какво право евидентирано на сметката за хартии од вредност.

**Непорамнета трансакција:** трансакција на хартии од вредност чиешто порамнување не е извршено на датумот на договореното порамнување.

**Нето порамнување:** систем на порамнување на паричните средства преку пресметка на сите обврски од куповни и продажни трансакции на учесникот во порамнувањето на денот на порамнувањето.

**Нетрговски преноси:** акт со кој се пренесува сопственоста на хартиите од вредност што не произлегува од тргување со хартии од вредност (нетрговски пренос согласно Законот за хартии од вредност и пренос на хартии од вредност кој го спроведува Депозитарот врз основа на корпоративни дејства согласно Законот за трговски друштва, евиденција на ограничувања со пренос на ограничени сметки за хартии од вредност и евиденција на бришење на ограничувањата, плаќања со обврзници за денационализација, пренос на хартии од вредност од издавачка сметка при примарен пазар, исплата на диведенда во акции, позајмување на акции, намалување на основната главнина со повлекување на акции, преноси од и на сметки за хартии од вредност кои не се резултат на промена на сопственост и други во согласност со закон)

**Овластено лице:** овластен брокер или лице вработено кај членка на Депозитарот кое извршува функција на чувар на имот (старател) и оператор на сметка во Депозитарот.

**Овластен учесник на пазарот на хартии од вредност** за цели на овие Правила, е правно лице вклучено во работењето на пазарот на хартии од вредност, кое е членка на Депозитарот – берзански посредник и кое има добиено соодветна дозвола од Комисијата за хартии од вредност на РМ.

**Ограничувања и товари**: ограничување на располагањето со правата запишани на сметката на сопственикот на хартии од вредност или издавачот.

**Оператор на сметка:** операторот на сметка во состав на Депозитарот, врши работи на отворање и затворање на сметки на сопственици на хартии од

вредност и сметки на издавачи и упис и пренос на хартии од вредност на сметките во Депозитарот. Оператори на сметки можат да бидат и други учесници во работата на Депозитарот кои ги исполнуваат условите пропишани со неговите правила.

**Отворање на сметка**: постапка со која во системот на Централниот депозитар за хартии од вредност за прв пат се отвора сметка во форма на електронски запис за некој сопственик или издавач на хартии од вредност. Отворање на сметка на хартии од вредност во системот на Депозитарот може да се изврши:

- Директно во ЦДХВ на барање на идниот сопственик на хартии од вредност, на барање на членка на Депозитарот која е берзански посредник, на барање на друштво за управување со инвестициски фондови или на барање на членка - чувар, во име и за сметка на нивни клиенти. Доколку барањето за отварање сметка го поднесува членка на Депозитарот, членката е одговорна за проверка на податоците за идентификација на клиентите;

- Преку членка на ЦДХВ берзански посредник при што членката е должна да изврши идентификација на подносителот на барањето за отворање на сметка. Членката берзански посредник во системот на Депозитарот може да отвори само сопственичка сметка за хартии од вредност;

- Преку издавачот на хартиите од вредност, при евидентирање на емисии на хартии од вредност, доколку сопственикот нема претходно отворена сметка во Депозитарот и

- од страна на Депозитарот за целите на спроведување на овие Правила.

Постапката за отворање на сметки Депозитарот ја уредува со посебно Упатство донесено од страна на Извршниот директор.

**Период на порамнување:** време помеѓу денот на тргување (Т) и денот на порамнување (П).

**Полномошник:** правно или физичко лице овластено од сопственикот на сметката, односно издавачот да дејствува во негово име.

**Поништено запишување:** трансакција склучена на овластена берза за хартии од вредност во постапка на јавна понуда на хартии од вредност која завршила неуспешно.

**Порамнување:** конечен пренос на хартиите од вредност и паричните средства помеѓу учесниците во трансакцијата, по пат на пренос на сопственичките позиции на сметките за хартии од вредност во Централниот депозитар за хартии од вредност и пренос на паричните средства на сметки во НБРМ.

**Прекугранично порамнување:** е исполнување на меѓусебните обврски помеѓу членките на ЦДХВ и членките на странски депозитар кои вршат порамнување на трансакции со хартии од вредност, преку пренос на хартии од вредност и/или парични средства во системот на ЦДХВ и странскиот депозитар, односно

странски институции кои вршат порамнување на хартии од вредност, во согласност со правилата и упатствата на двете страни и склучен договор помеѓу депозитарите или депозитар и странска институција која врши порамнување на прекугранични трансакции.

За прекуграничното порамнување ЦДХВ донесува посебни Правила за поврзување со странски депозитари или странски институции кои вршат порамнување на прекугранични трансакции со хартии од вредност.

**Прекугранична трансакција**: е трансакција која е склучена помеѓу членки на ЦДХВ и членки на странски депозитар, за своја сметка или за сметка на своите клиенти.

**Принудно порамнување:** порамнување на трансакции со сметки за хартии од вредност над кои е евидентирано ограничување кое не е поврзано со располагањето со хартиите од вредност (право на глас, дивиденда) или порамнување на трансакции со хартии од вредност кои се ограничени во располагањето и чија продажба се спроведува по налог на надлежен орган (овластени извршители, Управа за јавни приходи). Трансакцијата не може да се порамни принудно доколку ограничувањето е резултат на судска одлука. За принудно порамнување се смета и порамнување на трансакции со хартии од вредност кои не се резервирани.

**Статус на издавач и статус на хартии од вредност:** евиденција на состојбата на издавачите на хартиите од вредност во ЦДХВ во зависност од тоа дали се активни субјекти или над нив е отворена стечајна или ликвидациона постапка или кога друга постапка резултирала со престанок на субјектот и/или негово бришење од Трговскиот регистар.

- Активен статус на издавач е статус на издавач кој има целосен правен субјективитет самостојно да настапува во правниот промет. Хартиите од вредност издадени од издавач со активен статус можат да бидат со активен статус, а по исклучок и со блокиран статус во случаи кога истекол рокот на важноста на тие хартии од вредност

- Пасивен статус на издавач е статус на издавач кој има целосен правен субјективитет самостојно да настапува во правниот промет, кога на веб страницата на Централниот Регистар на Република Македонија за издавачот е објавено дека настапиле условите за започнување на постапка за бришење на неактивен субјект од Трговскиот регистар како и други причини определени со Законот за трговски друштва. Хартиите од вредност издадени од издавач со пасивен статус имаат активен статус, а по исклучок и блокиран статус во случаи кога истекол рокот на важноста на тие хартии од вредност. Повторното евидентирање на издавачот со пасивен статус во издавач со активен или блокиран статус се врши доколку постапката пред Трговскиот регистар резултира со исход со кој на издавачот може да му се определи активен или блокиран статус.

- Блокиран статус на издавач е статус на издавач:

- над кој е отворена стечајна или ликвидациона постапка или кога друга постапка резултирала со престанок на субјектот и/или негово бришење од Трговскиот регистар или

- доколку издавачот акционерско друштво се преобразил во друга форма на трговско друштво (освен доколку издавач на должнички хартии од вредност се преобразил во друга форма на трговско друштво што не е акционерско друштво во времето на важност на издадените должнички хартии од вредност).

Хартиите од вредност издадени од издавач со блокиран статус можат да бидат само со блокиран статус.

**Трговски пренос на хартии од вредност**: систем што дозволува електронски пренос на сопственоста на хартиите од вредност како резултат на порамнувањето на трансакциите со хартии од вредност склучени на овластена берза за хартии од вредност или пазар преку шалтер.

**Позајмување на хартии од вредност** – постапка во која во случај на недостаток на хартии од вредност на продажната страна, Депозитарот овозможува услови за членките да дојдат до потребните хартии од вредност со тоа што ќе ги позајмат истите од клиентот или членката која има во посед такви хартии од вредност, а се со цел непречено порамнување на предметната трансакција. Општите правила за постапката ги утврдува Комисијата за хартии од вредност, а Депозитарот донесува детално упатство за позајмување на хартии од вредност.

**Привремен СИН код (security identification number):** број кој го доделува Централниот депозитар за хартии од вредност со намена за идентификување на хартиите од вредност за кои е во тек постапка на издавање и запишување. По завршувањето на постапката за издавање и запишување, привремениот СИН код се заменува со ИСИН (international security identification number) код.

**Распоредување на трговските транскации**: идентификација на сопствениците на хартии од вредност кои склучиле трансакции со хартии од вредност, што се врши од страна на членките на Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Реализација на заложно право е** пренос на сопственоста врз хартии од вредност, од залогодавачот на залогопримачот, дококу се исполнети сите услови предвидени со Законот за договорен залог.

**Резервирање:** постапка при продажба на хартии од вредност со која членката на Централниот депозитар за хартии од вредност ги означува хартиите од вредност на неговиот клиент за продажба.

**Следење на активности:** постапка која овозможува хронолошко следење на сите промени на податоците во компјутерскиот систем на Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Слободна сопственичка позиција:** определена количина на хартии од вредност со која може слободно да се располага, односно количина на хартии

од вредност за која во Централниот депозитар за хартии од вредност не е запишан никаков товар.

**Сметка за порамнување**: специјална сметка на членката на Централниот депозитар за хартии од вредност во НБРМ за парично намирување на обврските по основ на склучените трансакции со хартии од вредност.

**Сметка на издавачот:** електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност во кој се евидентираат и водат бројот на издадените хартии од вредност издадени од тој издавач и од која хартиите од вредност се дистрибуираат на сметките на сопствениците .

**Сметка на сопственикот на хартиите од вредност:** електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност кој го идентификува сопственикот на хартии од вредност и неговите сопственички позиции. Еден сопственик на хартии од вредност може да има само една сопственичка сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност. Во Централниот депозитар за хартии од вредност се отвораат повеќе видови на сметки, за различни намени:

- **Сопственичка сметка –** сметка за хартии од вредност на која се евидентираат сите хартии од вредност во сопственост на одредено правно или физичко, странско или домашно лице, а кои се слободни од било какви ограничувања. Сопствениците на хартии од вредност за тргување и располагање на друг начин (нетрговски преноси) можат да ја користат само својата сопственичка сметка.

- **Ограничена сметка –** сметка за хартии од вредност на која се евидентираат хартии од вредност со кои сопственикот не може да располага поради различни основи (одлуки на надлежни органи, регистриран залог врз одредени хартии од вредност и сл.). Сопствениците на хартии од вредност не можат да ја користат оваа сметка за тргување ниту за нетрговски преноси. По исклучок, со хартии од вредност на ограничена сметка може да се тргува само доколку ограничувањето се однесува на некое друго право кое произлегува од сопственоста над хартиите од вредност кое не е поврзано со располагањето (како правото на глас, или дивиденда), освен доколку тие права се ограничени со судска одлука. Во случај кога располагањето со хартиите од вредност е ограничено од страна на овластено лице (извршител, Царинска управа, Управа за јавни приходи и други субјекти овластени со закон,) со хартии од вредност на ограничената сметка може да располага само тоа овластено лице. Ограничената сметка за хартии од вредност ја отвора Централниот депозитар за хартии од вредност врз основа на актот со кој се ограничуваат хартии од вредност.

- **Сосопственичка сметка** – сметка за хартии од вредност на која се евидентираат хартии од вредност кои не се во целост сопственост на имателот на сметката, туку се во сопственост и на други лица – сосопственици. На сосопственичката сметка се наведуваат и сопственичките делови на сите сосопственици. Само еден сосопственик се регистрира како имател на сметката и како таков има право на

располагање и спроведување на трансакции од и на сосопственичката сметка, но со писмена согласност на останатите сосопственици. Imателот на сметката, воедно е и лицето кое ги остварува правата од хартиите од вредност кои се евидентирани на сосопственичката сметка (дивиденда, исплата на главници и камати). Сосопственичката сметка за хартии од вредност ја отвора Централниот депозитар за хартии од вредност на барање на сосопствениците.

- **Застапничка сметка –** сметка за хартии од вредност која се отвора во Депозитарот врз основа на прописите кои го регулираат прашањето за законски застапник (на пр. за малолетни лица, лица лишени од деловна способност, друштва за управување со пензиски и инвестициски фондови), или врз основа на заверено полномошно со кое сопственикот на хартиите од вредност го доверува управувањето и располагањето со своите хартии од вредност и остварувањето на правата од тие хартии од вредност, на трето лице - застапник. Сопственик на хартиите од вредност на застапничката сметка секогаш е застапуваното лице.

  При отворање на застапничка сметка за хартии од вредност преку операторот на сметка во Депозитарот се доставува правно валидна документација, во зависност од односот меѓу двете лица (за малолетни лица, согласност од законските старатели, за лица лишени од деловна способност Решение на надлежниот центар за социјални работи, за друштва за управување со инвестициони фондови Решение на надлежен орган – КХВ и сл.) Доколку застапничката сметка, операторот на сметка во Депозитарот ја отвора преку овластен учесник на пазарот со хартии од вредност, овластениот учесник до Депозитарот доставува барање на стандарден образец пропишан од Депозитарот кој содржи изјава на овластениот учесник дека сметката ја отвора врз основа на акт на надлежен орган.

  Правото на глас кое произлегува од хартиите од вредност регистрирани на застапничката сметка, го остварува застапникот.

  При затворањето на застапничката сметка и пренос на хартиите од вредност на сопственичка сметка на застапуваното лице, до Депозитарот се доставува доказ дека престанал да постои правниот основ за застапништвото.

- **Старателска сметка** – сметка за хартии од вредност на име на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност или банка чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови, отворена врз основа на договор за чување на хартии од вредност и/или договор за чување на имот на пензиски и инвестициски фондови, и на која се водат сопственичките позиции за сметка на трето лице. Сопственик на хартиите од вредност на оваа сметка никогаш не е овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или банката чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови, туку лицето за чија сметка овластениот учесник и/или банката чувар на имот за пензиски и инвестициски фондови води грижа за хартиите од вредност (инвеститор). При отворање на старателска сметка овластениот учесник и/или банката чувар на имот за инвестициски и

пензиски фондови до Депозитарот доставува барање на стандарден образец пропишан од Депозитарот, кој содржи изјава на овластениот учесник дека барањето е засновано на склучен договор со клиент како и изјава дека овластениот учесник ги има сите потребни одобренија и дозволи од надлежни институции. Еден овластен учесник на пазарот на хартии од вредност и/или банка чувар на имот за инвестициски и пензиски фондови може да отвори една старателска сметка за еден инвеститор. Правата и обврските во врска со тргување со хартии од вредност меѓусебно ги уредуваат инвеститорот и овластениот учесник.

Доколку постојат претпоставки за промена на овластениот учесник и/или банката чувар на имот за инвестициски и пензиски фондови заради спроведување на таквата промена во Депозитарот, новиот овластен учесник и/или банката чувар на имот за инвестициски и пензиски фондови е потребно да ги достави документите наведени во претходниот став, како и доказ дека престанал да постои правниот основ за вршење на старателски работи од претходниот старател.

Депозитарот не е одговорен за водење на податоците за сопственоста врз хартиите од вредност доколку овластен учесник на пазарот на хартии од вредност кој врши старателски работи на територијата на Република Македонија, отвора старателска сметка за вршење на старателски работи во свое име, а за сметка на старател од странство.

- **Портфолио сметка** - сметка за хартии од вредност која ја отвора овластен учесник на пазарот на хартии од вредност. На портфолио сметката се евидентираат хартии од вредност со кои управува овластениот учесник, во име и за сметка на вложувачот-налогодавачот, а кои се одвоени од имотот на овластениот учесник. Сопственик на хартиите од вредност на портфолио сметката е вложувачот-налогодавачот.

Портфолио сметката се отвора во Депозитарот, по доставување на барање на стандарден образец пропишан од Депозитарот, кој содржи изјава на овластениот учесник дека барањето е засновано на склучен договор со клиент како и изјава дека овластениот учесник ги има сите потребни одобренија и дозволи од надлежни институции..
Еден вложувач, не може да има повеќе портфолио сметки отворени на име на ист овластен учесник на пазарот на хартии од вредност.

По престанокот на Договорот за водење на портфолио на хартии од вредност, овластениот учесник, до Депозитарот доставува известување за видот и количината на хартиите од вредност кои треба да бидат пренесени на сопственичката сметка за хартии од вредност на вложувачот. Доколку договорот предвидува надоместокот за овластениот учесник да биде во хартии од вредност, во известувањето кое го доставува до Депозитарот, овластениот учесник наведува кои хартии од вредност по вид и количина треба да бидат пренесени на сопственичката сметка на овластениот учесник .

Овластен учесник може да отвори портфолио сметка за хартии од вредност на име на друштво за управување со инвестициски фондови или друштво за инвестиционо советување кое има дозвола за управување со портфолио на хартии од вредност издадена од Комисијата. Овластениот учесник во име на друштвото за управување со инвестициски фондови, а за сметка на клиент кој ја користи услугата “управување со средства за сметка на индивидуален клиент”, односно во име на друштвото за инвестиционо советување, а за сметка на клиент кој ја користи услугата “управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент” ја отвора портфолио сметката со примена на постапката предвидена во ставовите 1 и 2 од оваа точка. Сопственик на хартиите од вредност е клиентот и тие се одвоени од имотот на друштвото за управување со инвестициски фондови, односно друштвото за инвестиционо советување. При отварањето на сметката друштвото за управување со инвестициски фондови или друштвото за инвестиционо советување склучува договор за посредување при купопродажба на хартии од вредност со овластен учесник на пазарот на хартии од вредност. По престанокот на договорот за управување со средства за сметка на индивидуален клиент, односно договорот за управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент, друштвото за управување со инвестициски фондови, односно друштвото за инвестиционо советување доставува известување до Депозитарот за видот и количината на хартии од вредност кои треба да бидат пренесени на сопственичката сметка за хартии од вредност на клиентот (доколку има хартии од вредност на сметката).

Друштво за управување со инвестициски фондови кое има дозвола за работа од Комисијата, која вклучува работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент – сопственик на портфолио и кое е членка на Депозитарот може да отвори портфолио сметка за хартии од вредност на име на друштвото за управување со инвестициски фондови со примена на постапката предвидена во ставовите 1 и 2 од оваа точка. По престанокот на Договорот за водење на портфолио на хартии од вредност, друштвото за управување со инвестициски фондови, до Депозитарот доставува известување за видот и количината на хартиите од вредност кои треба да бидат пренесени на сопственичката сметка за хартии од вредност на вложувачот. Доколку договорот предвидува надоместокот за друштвото за управување со инвестициски фондови да биде во хартии од вредност, во известувањето кое го доставува до Депозитарот, друштвото наведува кои хартии од вредност по вид и количина треба да бидат пренесени на сопственичката сметка на друштвото за управување со инвестициски фондови.

- **Збирна сметка –** гласи на име на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвстициски фондови, а за сметка на поединечен клиент – нерезидент или повеќе клиенти – нерезиденти.

Еден овластен учесник на пазарот на хартии од вредност и/или банката – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови може да отвори една или повеќе збирни сметки во Депозитарот за поединечен клиент – нерезидент или за повеќе клиенти - нерезиденти. Идентитетот на клиентите на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови чии хартии од вредност се евидентираат на збирна сметка е познат само на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови. Сопственик на хартиите од вредност е клиентот и тие се одвоени од имотот на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови.

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови се одговорни за точноста на податоците кои се потребни за идентификување на клиентите-нерезиденти чии хартии од вредност се евидентирани на збирни сметки за хартии од вредност.

Збирната сметка се отвора по доставување на барање на стандарден образец од страна на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови пропишан од Депозитарот, кој содржи изјава на овластениот учесник дека барањето е засновано на склучен договор со клиент како и изјава дека овластениот учесник ги има сите потребни одобренија и дозволи од надлежни институции, без дополнителни прилози.

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или банката – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови е должен од своите клиенти, при воспоставување на деловен однос, да обезбеди изјава дека клиентот е запознат со прописите кои го уредуваат прометот со хартии од вредност, а особено со Законот за хартии од вредност, Законот за банки, Законот за преземање на акционерски друштва и Законот за супервизија на осигурувањето, како и да востанови обврска за клиентот на прв повик на овластениот учесник, клиентот да достави податоци за идентитетот на сопствениците на хартии од вредност – негови клиенти.

Пренос на хартии од вредност на збирна сметка, кои се веќе евидентирани на друга сметка за хартии од вредност, Депозитарот ќе спроведе на барање на овластениот учесник на пазарот за хартии од вредност. Кон барањето се приложува и барање на сопственикот на хартиите од вредност кои биле евидентирани на друга сметка.

Пренос на хартии од вредност од збирната, на друга сметка за хартии од вредност се спроведува во Депозитарот на барање на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или банката – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови кои се должни до Депозитарот да достават валиден документ кој содржи идентификациони податоци за клиентот и барање за пренос на друга сметка на хартиите од вредност потпишано од клиентот или неговиот застапник по закон. Преносот на хартиите од вредност Депозитарот го спроведува од збирна на друга

збирна, сопственичка, старателска или застапувачка сметка во согласност со доставеното барање.

Право на увид или резервација на хартиите од вредност евидентирани на збирната сметка може да има само овластено лице вработено кај членката на Депозитарот на чие име гласи збирната сметка.

**Сметка за прекугранично порамнување** е сметка која во Депозитарот се отвора на име на странски депозитари, односно на име на странски институции кои вршат порамнување на хартии од вредност. Депозитарот ја отвора сметката за прекугранично порамнување врз основа на меѓусебно склучен договор со странски депозитар, односно странска институција која врши порамнување на прекугранични трансакции со хартии од вредност. Идентитетот на клиентите чии хартии од вредност се евидентираат на сметката за прекугранично порамнување е познат само на членките на странскиот депозитар. Сопственик на хартиите од вредност е членката или негови клиенти и тие се одвоени од имотот на странскиот депозитар. Пренос на хартии од вредност од сметката за прекугранично порамнување, на друга сметка за хартии од вредност се спроведува во Депозитарот по налог на членка на Депозитарот на начин и постапка уредени со Правилата на ЦДХВ за поврзување со странски депозитари или странски институции кои вршат порамнување на прекугранични трансакции со хартии од вредност и посебно Упатство донесено од Извршниот директор.

- **Државна сметка -** сметка за хартии од вредност на која се евидентираат државни хартии од вредност кои согласно позитивните прописи може да се користат за исплата по налог на државни органи и институции за разни намени. Ваквата сметка се користи само за слевање на хартии од вредност по однос на исплати. Истата не се користи за ниедна друга намена.

- **Групна продажна и куповна сметка** – сметки за хартии од вредност кои се отвораат на име на членката на Депозитарот, а кои се користат за цели на порамнување на групни и блок тргувања.

- **Сметка за неидентификувани сопственици** – сметка која се отовора на име на издавачот на хартии од вредност на која се евидентираат хартии од вредност на сопственици за кои издавачот не е во можност да достави точни податоци. Се до доставување на точни податоци до Депозитарот, хартиите на ваквите сопственици останувaат на сметката за неидентификувани сопственици. Акционерските друштва кои за прв пат се регистрирани во Трговскиот регистар по започнување на функционирањето на Централниот Регистар на РМ, мораат да достават комплетни податоци за сите акционери

**Сопственик на сметката:** физичко или правно лице на чии име се води сметката на хартии од вредност.

**Сопственичка позиција:** определена количина на хартии од вредност што се води на сметката на хартиите од вредност.

**Старателска банка или Старател:** банка која врши работи на старателство врз хартии до вредност (чување на хартии од вредност што вклучува отворање и водење на сметки на хартии од вредност во свое име, а за сметка на клиенти во депозитар, отворање и водење на сметки на хартии од вредност и за своите клиенти кои не се сопственици на тие хартии од вредност, а за сметка на нивните клиенти, парично порамнување на трансакции со хартии од вредност и други услуги со хартии од вредност по налог на клиентот (исплата на достасани побарувања од издавачите врз основа на достасани хартии од вредност, камати и дивиденди за сметка на сопствениците на тие хартии од вредност, известување за собранија на акционерите и застапување на тие собранија, плаќање на даночни обврски на клиентот врз основа на хартии од вредност кои се во негова сопственост и слично).

**Тикер код:** ознака на хартијата од вредност која ја доделува овластена берза за хартии од вредност.

**Тргување со хартии од вредност:** продавање или купување на хартии од вредност во замена за пари.

**Тргување преку шалтер –** тргување кое не се одвива на берза или друг јавен организиран пазар.

**Утврдување**: постапка на пресметка на обврските што произлегуваат од склучените трансакциите со хартии од вредност и постапка на подготовка за порамнување на тие трансакции по пат на проверка на расположивоста на потребните хартии од вредност и парични средства.

**Членка на Централниот депозитар за хартии од вредност :** правно лице кое може да дава инструкции за пренос на хартии од вредност и парични средства во системот согласно одредени правила преку Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Централен депозитар на хартии од вредност (ЦДХВ):** институција за водење на регистар на хартии од вредност во Република Македонија и за утврдување и порамнување на обврските врз основа на склучени трансакции со хартии од вредност, како и давање дополнителни услуги на издавачите.

## 2 ОПШТИ ОДРЕДБИ

2.1 Со овие Правила се уредуваат прашањата што се однесуваат на функциите и услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност (во натамошниот текст : Депозитар), правата и обврските на Депозитарот во вршењето на неговите функции, уписот на емисиите на хартии од вредност во форма на електронски запис, уписот на правата (вклучувајќи ја и сопственоста) на тие хартии од вредност, отварање на сметки за хартии од вредност, уписот и промената на сопственоста, утврдувањето и порамнувањето на трансакциите со хартии од вредност, правата и обврските на членките на Депозитарот, известување на издавачите и сопствениците на хартии од вредност, методите за заштита од грешки на Депозитарот во извршување на функциите и други прашања од делокругот на работата на Депозитарот, како и давањето дополнителни услуги од страна на Депозитарот.

2.2. Депозитарот на членките, издавачите и сопствениците на хартии од вредност им ги овозможува следните услуги:

- упис на хартиите од вредност во Депозитарот;
- известување на издавачите и сопствениците на хартии од вредност за состојбата на нивните сметки;
- утврдување и порамнување на обврските кои произлегуваат од трансакциите со хартии од вредност;
- извршување на услуги сврзани со корпоративните дејства;
- други услуги што произлегуваат од сопственоста и трансакциите со хартии од вредност, што произлегуваат од делокругот на неговата работа.

Начинот на вршење на услугите на депозитарот се уредува со овие Правила и упатствата донесени од Депозитарот.

Условите за членство, начинот на решавање на спорови (арбитража) и престанок на членството, како и посебните правила за однесување и дисциплина се регулираат со посебни правилници донесени од страна на Депозитарот, во согласност со Законот за хартии од вредност.

2.3. Во вршењето на својата дејност Депозитарот се придржува до следниве принципи:

- сигурност и ефикасност во водењето на регистар за хартии од вредност
- непречено порамнување на трговски трансакции;
- чесност при деловното работење;
- право на сите подносители на барање кои ги исполнуваат пропишаните услови да станат членка на Депозитарот;
- рамноправност и еднаквост на членките на Депозитарот и корисниците на неговите услуги;
- редовно известување на членките на Депозитарот и корисниците на неговите услуги;
- ефикасно и спогодбено решавање на споровите помеѓу Депозитарот и членките, издавачите и сопствениците, како и помеѓу членките.

2.4. Депозитарот е одговорен за уредно и навремено извршување на сите свои обврски што се однесуваат на уписот на налозите на сопствениците на сметки и на членките на Депозитарот на начин и во рокови утврдени со овие Правила и упатствата на Депозитарот.

Депозитарот е одговорен за заштитата и сигурноста на податоците кои се содржани во сметките за хартии од вредност.

Депозитарот одговара за штетата, вклучувајќи ја и неостварената добивка, која настанува поради неточност или губење на податоците за хартиите од вредност што се водат како електронски запис.

2.5. Податоците кои ги води Депозитарот, по правило, се сметаат за тајни. Депозитарот, неговите органи и вработените се должни да ја чуваат тајноста на податоците до кои дошле при извршувањето на својата работа.

Обврската на субјектите од претходниот став на оваа точка за чување на тајноста на податоците останува и по завршувањето на нивниот работен однос, односно извршувањето на должноста, но не подолго од 5 години.

2.6. Депозитарот не одговара поради пропусти или доцнење во обезбедувањето услуги ако пропустот или доцнењето настанале поради виша сила, одлука на државен орган или други причини кои се надвор од неговата контрола.

2.7. Депозитарот има соодветен информативен, компјутерски и комуникациски систем за регистрирање на хартиите од вредност, порамнување на трговски трансакции и вршење на нетрговски преноси на сопственост. Заради ефикасно и сигурно работење, Депозитарот презема мерки за физичка заштита на податоците во својот компјутерски систем, дизајнира софтверско решение за контролиран пристап на членките до системот и ефикасен систем за двојно чување на податоците (бекап заштита).

2.8. Депозитарот обезбедува софтверско решение за евиденција на сите пристапи и промени што овластените лица во Депозитарот ги извршиле по хронолошки редослед (следење на активности).

Оригиналната документација која е основ за извршување на уписи и промени во базата на податоци, Депозитарот ја чува најмалку 5 години.

2.9. Со цел максимална точност на податоците што се запишуваат во Депозитарот, се врши вкрстена проверка на истите со базите на податоци во другите органи и институции кои водат регистри и евиденции од јавно-правен карактер.

## 3. ЧЛЕНКИ НА ДЕПОЗИТАРОТ

3.1. Членки на Депозитарот (во натамошен текст: членки) можат да бидат брокерски куќи, банки,и друштва за управување со инвестициски фондови.

Членките во име и за сметка на своите клиенти или во свое име и за своја сметка може да ги користат услугите што ги обезедува Депозитарот во обем предвиден со издадената дозвола за вршење на услуги со хартии од вредност од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, односно Народната банка на Република Македонија. Условите и постапката за прием и престанок на членството, го утврдува Депозитарот со посебни Правила за членство.

3.2. Правата и обврските на Депозитарот и на неговите членки се утврдуваат со овие правила, Правилата за членство Правилата за однесување и дисциплина и упатства на Депозитарот.

3.3. Членката е должна во своите правни односи со Депозитарот, со другите членки на Депозитарот и во правните односи со своите клиенти во целост да ги почитува и да ги применува одредбите од овие Правила, Правилата за членство, Правилата за однесување и дисциплина, Упатствата на Депозитарот, Тарифникот и другите правни акти на Депозитарот.

3.4. Членката на Депозитарот е должна веднаш да го извести Депозитарот за сите промени кои може да влијаат на нејзиното учество во работата на Депозитарот.

3.5. Членката е должна уредно и навремено да ги подмирува финансиските и други обврски спрема Депозитарот и другите членки на Депозитарот, на начин и во рокови утврдени со овие Правила, упатствата и другите акти.

Депозитарот е должен уредно и навремено да ги подмирува финансиските и другите обврски спрема неговите членки, на начин и во рокови утврдени со овие Правила, упатствата и други акти на Депозитарот.

3.6. Членките на Депозитарот се целосно одговорни спрема клиентите кои ги застапуваат и се должни да ги обештетат во случаи на противзаконски постапки, немарност или неисполнување на обврските на членката спрема клиентот, вклучувајќи ги и случаите кога членката неправилно или неовластено ја користела сметката на нејзиниот клиент во Депозитарот.

При продажба на хартии од вредност членката на Депозитарот е должна во системот на Депозитарот да регистрира овластување на сметката за хартии од вредност на својот клиент што му овозможува да изврши и резервирање на потребниот број на хартии од вредност за идна продажба.

Овластувањето е со определен рок во согласност со налогот на клиентот и по истекот на тој рок информативниот систем автоматски ги брише овластувањата од сметката на имателот на хартии од вредност.

По бришењето на овластувањето членката на Депозитарот не може да изврши резервација за идна продажба ниту да врши увид во сметката на својот клиент.

Деталната постапка на евидентирање на овластувањата ја донесува Извршниот директор со техничко упатство.

3.7. Членката на Депозитарот која има пристап до компјутерскиот систем на Депозитарот е должна да постапува во согласност со упатствата на Депозитарот со кои се утврдени техничките стандарди на компјутерската и комуникациската опрема за пристап до компјутерскиот систем на Депозитарот, вклучувајќи ја и употребата на програмска поддршка која ја обезбедува Депозитарот.

Членката на Депозитарот е должна да обезбеди најмалку една работна станица на која ќе биде инсталирана софтверската апликација на Депозитарот.

Овластен брокер, лице вработено кај членка -чувар или лице вработено кај ОТЦ - членка може да пристапува до компјутерскиот систем на Депозитарот во еден момент само во име на една членка на Депозитарот.

Пристапот до компјутерскиот систем на Депозитарот членката го остварува преку софтверската апликација на Депозитарот и/или преку друг електронски медиум за комуникација кој е компатибилен со компјутерскиот систем на Депозитарот. Членката на Депозитарот е должна да се придржува на сите мерки на сигурност за пристап до компјутерскиот системот и за заштита на податоците од неовластено користење од трети лица, како и други мерки утврдени во упатствата на Депозитарот.

Членката на Депозитарот е одговорна за постапките на своите вработени кои се направени спротивно на овие Правила и упатствата на Депозитарот.

3.8. Депозитарот им доставува на сите негови членки известувања на начин и во рокови пропишани со овие Правила.

Членката е должна да ја провери точноста и потполноста на сите известувања што ги прима од Депозитарот и веднаш да го извести Депозитарот доколку не ги примила известувањата во предвидениот рок или ако ја оспорува точноста на податоците или потполноста на известувањето.

Ако членката не ја оспори точноста и потполноста на известувањето во рок од 24 часа од неговиот прием, се смета дека членката ја потврдила точноста и потполноста на известувањето и дека се откажала од своите права на оспорување на грешки или недостатоци во известувањето.

3.9 Вработените на членките на Депозитарот кои во своето работење доаѓаат до податоци кои се врзани со неговото работење должни се да ја чуваат нивната тајност.

Обврската од став 1 на овој член се однесува и по завршувањето на нивниот работен однос кај членката на Депозитарот, но не подолго од 5 години.

3.10 До субјектите за кои Депозитарот ги врши услугите од точка 2.2., Депозитарот доставува документ (фактура), во која што е пресметан надоместокот за извршените услуги од негова страна, која субјектите се должни да ја платат.

Надоместоците за извршените услугите од страна на Депозитарот се утврдуваат со посебна тарифа.

3.11. На тарифата на Депозитарот согласност дава Комисијата.

3.12. Тарифата на Депозитарот се објавува на WEB страницата на Депозитарот.

3.13. Членките и Депозитарот своите спорови ќе настојуваат да ги решаваат спогодбено.

Во случај на неуспех за решавање на споровите надлежен е стварно и месно надлежниот суд.

3.14 Депозитарот е телекомуникациски поврзан со членките преку телекомуникациски линии.

3.15 Во случај на прекин на телекомуникациските линии со членките и неможност на нивен пристап до компјутерскиот систем на Депозитарот, членките постапуваат по инструкции на Депозитарот кој ќе прими и спроведе барања на членките за отварање на сметки за хартии од вредност, евидентирање на овластувања на сметките за хартии од вредност на сопствениците на хартии од вредност, како и барања за евидентирање на резервации на хартии од вредност за идна продажба. Барањата за отварање на сметки за хартии од вредност, евидентирање на овластувања и резервации на хартии од вредност членките ги доставуваат по електронска пошта на Депозитарот или телефакс.

3.16 Во случај на воочување на технички проблеми поврзани со функционирањето на софтверската апликација на Депозитарот, членките се должни веднаш да го известат Депозитарот преку телефон или телефакс. За техничките проблеми, членките се должни во најкраток рок до Депозитарот да достават и подетален писмен опис и да соработуваат со Депозитарот заради отстранување на проблемот.

3.17 Членки во Депозитарот, во смисла на точка 3.1 од овие Правила, можат да бидат:

1. Брокерска куќа, банка или подружница на странска брокерска куќа (берзански посредник), која како овластен учесник на пазарот на хартии од вредност, има добиено дозвола за работа од Комисијата за хартии од вредност и тргува на овластена берза на хартии од вредност;

2. Друштво за управување со инвестициски фондови кое има добиено дозвола за работа од Комисијата за хартии од вредност за вршење на услуги управување со портфолио на хартии од вредност;

3. Банка без дозвола за работа со хартии од вредност од Комисијата, доколку банката ги користи услугите на депозитарот само за порамнување на трансакции со хартии од вредност склучени на пазари преку шалтер организирани од страна на Народната банка на Република Македонија (ОТЦ-членка) или

4. Банка со дозвола за работа издадена од гувернерот на Народната банка на Република Македонија за давање на услуги на чување на имот на пензиски и инвестициски фондови и чување на хартии од вредност или овластен учесник на пазарот на хартии од вредност, кој има добиено дозвола за работа од Комисијата за хартии од вредност за чување на хартии од вредност (членка - чувар).

**4. УПИС НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

4.1. Во Депозитарот се води евиденција за издадените хартии од вредност и сопственичките позиции правата на сопствениците на хартии од вредност, единствена идентификација на хартиите од вредност и нивните сопственици, евентуалните ограничување при извршувањето на тие права, права на трети лица поврзани со хартиите од вредност и други податоци што се однесуваат на тие права, се врши пренос на сметките на хартии од вредност и се обезбедуваат други услуги сврзани со водењето евиденција на хартиите од вредност.
Постапката за упис на хартии од вредност предвидена со овие Правила и упатствата на Депозитарот, се применува и при издавањето и регистрацијата на потврди за странски хартии од вредност.

4.2. Во Депозитарот се запишуваат сите хартии од вредност по постапка, услови и начин утврден со овие Правила и со упатствата на Депозитарот и подзаконски акти донесени од Комисијата. Упатствата за упис на хартиите од вредност кои содржат постапка и потребна документација за спроведување на уписите согласно овие Правила, ги донесува Извршниот директор на Депозитарот.

Депозитарот изготвува и технички упатства за користење на копјутерскиот систем кои ги доставува до своите членки. Техничките упатства се ажурираат по секоја надградба на компјутерскиот систем.

Упатствата за упис на хартиите од вредност и техничките упатства за користење на компјутерскиот систем ќе бидат доставени до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија во рок од три дена од денот на нивното донесување.

4.3. На секоја хартија од вредност при запишувањето во Депозитарот и се определува ИСИН број. ИСИН бројот содржи податоци за издавачот, правата кои произлегуваат за сопствениците на таа хартија од вредност и други елементи на хартијата од вредност.

Постапката, условите и начинот на доделувањето на ИСИН броевите се утврдуваат со упатство на Депозитарот.

За секоја нова емисија, за која постапката на запишување е во тек, Депозитарот прво доделува привремен СИН број, заради идентификација на хартиите од вредност во текот на постапката на запишување. По реализирањето на емисијата, Депозитарот го доделува меѓународниот ИСИН број.

4.4. Хартиите од вредност се запишуваат на сметки во Депозитарот.

Заради запишување на хартиите од вредност од став 1 на оваа точка, Депозитарот отвора сметки на издавачите и сопствениците на хартиите од вредност.

Отворањето и затворањето на сметките за хартии од вредност, уписот, промените и бришењето на сопственичките позиции на сметките на сопствениците на хартии од вредност, како и други дејствија во врска со настанати промени на сметките што се водат во Депозитарот го врши единствен оператор на сметки.

Начинот и постапката за отворање и затворање на сметка и видовите на сметки во Депозитарот се пропишуваат со Закон, Правилата и Упатствата на Депозитарот.

Во случај на жалбена постапка, по решенијата на Комисијата за хартии од вредност за запишување во Депозитарот на книгата на акции на издавачот, Депозитарот ќе изврши упис во акционерската книга по конечноста на Решението на Комисијата за хартии од вредност, доколку Комисијата за хартии од вредност не одлучи уписот да се изврши и пред тоа.

Депозитарот е должен, на барање од издавачот на хартиите од вредност, да достави специјален извештај за сите преноси на сопственоста на акции издадени од тој издавач за определен временски период. Извештајот се доставува во рок од три дена од денот на добивањето на барањето.

4.4 а Пасивен статус на издавач се утврдува по објава на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија за исполнети услови за започнување на постапка за бришење на неактивен субјект, односно бришење поради други причини утврдени со Законот за трговски друштва. За утврдениот пасивен статус на издавачите, Депозитарот ги известува издавачите на кои им е утврден пасивен статус.

4.5. Податоците за издавачот кои се регистрирани во депозитарот содржат информации за :

- Назив, скратен назив и седиште на издавачот;
- Други податоци за идентификација на издавачот предвидени со упатство;
- ИСИН број;
- вид на хартија од вредност;
- вкупен број на издадени хартии од вредност;
- номинална вредност на хартијата од вредност;
- вкупна вредност на хартиите од вредност по ИСИН број;

- статус на издадените хартии од вредност;
- права и обврски кои произлегуваат од хартијата од вредност
- евентуални ограничувања при извршувањето на тие права и временски ограничувања за исполнување на обврските на издавачот.

4.6. Сметката на сопственикот на хартии од вредност содржи податоци за:
- број на сметката на сопственикот;
- податоци за идентификација на сопственикот (за физичко лице: име и презиме, адреса и матичен број, а за правно лице: назив, седиште и матичен број);
- ИСИН број на хартиите од вредност што ги поседува сопственикот, вид на хартијата од вредност, род и класа
- вкупен број на хартиите од вредност по ИСИН број и нивната номинална вредност;
- правата од хартии од вредност на имателот на сметката;
- евентуални органичувања при извршувања на правата;
- правата на трети лица кои произлегуваат од хартиите од вредност (залог и слично) и
- други податоци во врска со правата од хартии од вредност, органичувањата на преносот и забрана на располагање.

4.7. При секоја нова емисија на хартии од вредност, издавачот му доставува на Депозитарот одобрение од Комисијата за издавање на хартии од вредност. Доколку износот на емисијата е помал или еднаков на 25.000 ЕВРО, издавачот му доставува на Депозитарот одлука на надлежниот орган на издавачот за издавање на хартии од вредност.

По добивањето на решението од Комисијата за одобрување на нова емисија по пат на јавна понуда, Депозитарот доделува привремен СИН код во износ еднаков на бројот на хартиите од вредност или во износ еднаков на бројот на лотови определени во решението за нова емисија. При доставувањето на решението, издавачот на новата емисија доставува до депозитарот договор со деловна банка за отварање на посебна сметка за примање на паричните средства во текот на постапката на запишување. Издавачот мора во договорот да се откаже од правото да располага со средствата кои се наоѓаат на посебната сметка и да го овласти Депозитарот да прима известувања за сите приливи на таа сметка и да располага со средствата по добивањето на Решение за упис на зголемување на основната главнина издадено од Централниот Регистар на РМ. Располагањето со средствата на посебната сметка на издавачот Депозитарот го остварува по пат на писмено наложување до деловната банка.

Овластениот учесник на пазарот за хартии од вредност кој во постапка на јавна понуда, учествува на куповната страна, уплатите од лицата кои запишуваат хартии од вредност ги прима на својата сметка за порамнување во НБРМ. Сумата на парични средства која лицата кои запишале хартии од вредност во еден трговски ден била акумулирана на сметката за порамнување на овластениот учесник во НБРМ, овластениот учесник ја уплатува на посебната

сметка на издавачот за примање на паричните средства од претходниот став на оваа точка, на дневна основа, најдоцна до 15 часот. Сумата на парични средства која е уплатена на сметката на овластениот учесник од лицата кои дале налог за купување на хартии од вредност од јавната понуда, а чиј налог не е реализиран, овластениот учесник е должен да ја врати најдоцна до 9 часот наредниот работен ден, на сметката на лицата кои дале налог.

По истекот на рокот за запишување, Депозитарот ја известува Комисијата и издавачот за бројот на запишани хартии од вредност и износот на средствата кои се наоѓаат на посебната сметка на издавачот.

Доколку емисијата е успешна, а по добивање на решението за упис на зголемување на основната главнина кое го издава Централниот регистар на РМ, Депозитарот дава налог на деловната банка во која е отворена посебната сметка за пренос на паричните средства на редовна сметка на издавачот, а во исто време ги префрла хартиите од вредност на сметките за хартии од вредност на лицата кои што запишале хартии од вредност од новата емисија. Доколку предмет на јавната понуда се сопствени акции, обврските на Депозитарот за размена на парични средства и хартии од вредност, настануваат откако издавачот ќе достави известување за запишани и платени хартии од вредност.

Издавачот е должен, до Депозитарот да достави доказ дека до Комисијата и во јавноста е објавено известување за запишани и платени хартии од вредност. Депозитарот во рок од 2 дена по добивањето на решението за упис на основната главнина односно известувањето за запишани и платени хартии од вредност врши порамнување во согласност со ставот 4 од оваа точка.

Доколку јавната понуда на хартии од вредност (емисијата односно продажбата на сопствени акции) не е успешна веднаш по добивањето на известувањето за запишани и платени хартии од вредност Депозитарот дава налог на деловната банка во која се води посебната сметка на издавачот, за враќање на средствата на сметка од која уплатите се пристигнати. Овластениот учесник, веднаш по пристигнувањето на паричните средства на неговата сметка за порамнување во НБРМ, е должен да ги врати паричните средства на сметките на лицата кои запишале хартии од вредност. Сите вакви запишувања на хартии од вредност, Депозитарот ги евидентира како поништени запишувања.

Паричните средства во случај на неуспешна јавна понуда на хартии од вредност се враќаат заедно со вкупниот износ на депозитна камата за износот на парични средства уплатени за сите лица кои запишале хартии од вредност од јавната понуда кај определен овластен учесник. За овој износ Депозитарот во рокот од став 6 дава налог до деловната банка да бидат уплатени на сметката на овластениот учесник кој понатаму во рокот од став 6 врши распределба на паричните средства на секое лице кое запишало хартии од врендост сразмерно на уплатениот износ на парични средства за запишаните хартии од вредност.

Откако емисијата ќе биде регистрирана во Трговскиот регистар, издавачот му доставува на Депозитарот испис од регистрацијата на емисијата во Трговскиот регистар.

Издавачите на хартии од вредност кои согласно Закон не подлежат на обврска за доставување на барање за одобрение за издавање на хартии од вредност, ниту пак за доставување на соопштение до Комисијата, до Депозитарот доставуваат акт за издавање (одлука), проспект, и список на лицата кои се стекнуваат со тие хартии од вредност. За секое лице, издавачот доставува податоци за идентификација како што е утврдено со т.4.6 од овие Правила.

Доколку предмет на јавна понуда се сопствени акции, депозитарот ги блокира акциите на сметката на издавачот, и за тој износ доделува привремен СИН код. Во се останато се применуваат одредбите од оваа точка за нова емисија.

Народната банка на РМ со свои Правила ја утврдува постапката за издавање и тргување со хартии од вредност преку шалтер, издадени од Народната Банка на РМ или од Министерството за финансии на РМ.

Депозитарот, по добивањето на документацијата од став 1, му доделува на издавачот ИСИН број за таа емисија. Доколку издавачот нема сметка за хартии од вредност, Депозитарот му отвора сметка на хартии од вредност. Доколку се работи за хартии од вредност од втора или понатамошна серија, која ги носи истите права како и веќе издадена хартија од вредност од истиот издавач, Депозитарот нема да додели нов ИСИН број, туку новоиздадениот број на хартиите од вредност ќе го припои на веќе постоечкиот ИСИН број.

По завршување на периодот на запишување на емисијата на хартии од вредност, почитувајќи го принципот испорака наспроти плаќање, Депозитарот ги запишува платените хартии од вредност како сопственички позиции на сметките на сопствениците на хартии од вредност. Доколку сопственикот на хартии од вредност нема сметка за хартии од вредност, Депозитарот му отвора сметка за хартии од вредност.

4.7а Депозитарот е должен при секое регистрирање на нови акции при зголемување на основната главнина кои се резултат на статусни промени пропишани со Законот за трговски друштва, од издавачот да бара решение од надлежен орган за упис во Трговскиот Регистар и одобрение за издавање на хартии од вредност издадено од Комисијата за хартии од вредност.

При основање на ново трговско друштво или зголемување на основната главнина со непаричен влог кој се состои од хартии од вредност Депозитарот врши пренос на хартиите од вредност од сметката за хартии од вредност на сопственикот – основачот, на сметката за хартии од вредност на новооснованото или веќе основаното трговско друштво, по доставување на регистрација од Централниот Регистар – Регистар на трговски друштва и други правни лица. Ваквата постапка се применува и за зголемување на основната главнина или основање на трговско друштво со непаричен влог кој се состои од акции регистрирани во Депозитарот, кое има седиште во странство, по доставување на регистрација на извршената промена во матичниот регистар на друштвото кое се основа, односно кое ја зголемува основната главнина со непаричен влог.
При основање на фондација, или зголемување на имотната маса на фондација со седиште и основана согласно релевантните прописи на Република Северна Македонија, со непаричен влог кој се состои од хартии од вредност,

Депозитарот врши пренос на хартиите од вредност од сметката за хартии од вредност на сопственикот – основачот, на сметката за хартии од вредност на фондацијата, по доставување на регистрација од Централниот Регистар – трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на РСМ.

Во постапката на основање или зголемување на основната главнина на трговско друштво, или основање или зголемување на имотната маса на фондација, а кои се со седиште во Република Северна Македонија, сопственикот на хартиите од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност доставува изјава заверена на нотар дека хартиите од вредност се вложени во трговско друштво, или фондација и дека е согласен над истите да биде евидентирано ограничување за располагањето сé до пренесувањето на истите во сопственост на трговското друштво или фондацијата.

Намалувањето на основната главнина и други корпоративни дејства спроведени согласно одредбите на Законот за трговски друштва (поделба или спојување на акции и сл.), а чие спроведување има влијание на веќе регистрираните акции издадени од трговско друштво, во Депозитарот се регистрираат по доставувањето на регистрација од Централниот Регистар – Регистар на трговски друштва и други правни лица.

При преобразба на акционерско друштво или командитно друштво со акции во трговско друштво со друг статусен облик акциите издадени од тоа друштво се отстрануваат од активниот систем на Депозитарот, а на издавачот и сопствениците не им се доставуваат изводи од нивните сметки за хартии од вредност.

4.8. Во Депозитарот може да се отвори и посебна сметка за запишување на ограничувања и товари на хартии од вредност и други сметки кога е тоа предвидено со закон, одлука на надлежен орган и овие Правила.

Во Депозитарот може да се отвораат и други сметки.

4.9. Постапката на уписот на хартиите од вредност на сметките во Депозитарот се состои во следните дејствија:

1. Прием на барањето со соодветни прилози поднесени од налогодавачот и утврдување на нивната комплетност, уредноста и исправност;

2. Упис на барањето во Депозитарот;
3. Известување за извршениот упис.

Депозитарот ги врши овие дејствија во постапката и на начин утврдени во посебно упатство.

4.10. Налог за упис на хартии од вредност на сметката на сопственикот, односно промени на сметката може да даде сопственикот на сметката или лице овластено од него.

4.11. Доколку предмет на уписот на сметката на сопственикот е правосилна и извршна одлука на суд или извршител или на орган на државната управа кој е

примен директно од органот што ја донел одлуката, налогот ќе го пополни операторот на сметка и наложените уписи или промени на сметката на сопственикот на хартии од вредност ќе ги изврши откако налогот ќе биде потпишан од овластено лице.

4.11.а Во случаи на извршување на судско решение за запленување, проценка и продажба на акции за намирување на доверителите, Депозитарот ќе постапи согласно Законот за извршна постапка (Службен весник на РМ, број 59/2000)и Законот за извршување.
4.12. По утврдувањето на уредноста и потполноста на поднесениот налог, се врши упис во Депозитарот според податоците наведени во налогот.
Уписите на налозите во Депозитарот ги врши операторот на сметка.
Уписите на податоците на сметките во Депозитарот се вршат во согласност со овие Правила, упатствата и другите акти на Депозитарот.

4.13. Сопственичките позиции и промените кои настануваат со уписот на налогот на сметките во Депозитарот произведуваат правно дејство од моментот на уписот на сметките во Депозитарот (принцип на конститутивност).

4.14. Промена на состојбата на сметките што се водат во Депозитарот може да настанат исклучиво:

- врз основа на тргување со хартии од вредност;
- врз основа на нетрговски преноси.

4.15. Промената на сопственоста на хартиите од вредност се врши со пренос од слободната сопственичка позиција на сметката на хартии од вредност на постојниот сопственик на сметката на хартии од вредност на новиот сопственик.

4.16. Пренос на сопственоста на хартии од вредност што произлегува од тргување со хартии од вредност се врши со пренос од сметката на продавачот на хартии од вредност на сметката на купувачот на хартии од вредност, како последица на постапката на утврдување и порамнување на трансакциите со хартии од вредност утврдена во овие правила.

4.17. Преносот на сопственоста на хартиите од вредност што произлегува од нетрговски преноси се врши врз основа на налози на сопственикот на сметката, правосилна и извршна одлука на судот и надлежен орган на државната управа, наследство, подарок, и реализација на заложно право.

За уписите на сметките за хартии од вредност од претходниот став на оваа точка, со налогот се приложува соодветна документација.

4.18. Преносот на сопственоста на хартии од вредност по основ на наследство, подарок, и по други основи кои не се поврзани со организирано тргување, операторот на сметка го врши со пренос на хартиите од вредност од слободната сопственичка позиција на сметката на давателот, на на сметката на примателот. Наследството, подарокот, и другите основи кои не се поврзани со организирано тргување, се запишуваат врз основа на уреден налог на судот, односно заверен договор на нотар и надлежен орган на управата.

4.18.а Преносот на хартиите од вредност кои се во сопственост на вршителите на самостојна дејност, занаетчиски дуќани и други субјекти регистрирани за вршење на самостојна дејност, во случај на престанок со работа се врши со пренесување на хартиите од вредност од сметката на претходниот имател на сметката на сопственикот на самостојната дејност, занаетчиски дуќани и други субјекти регистрирани за вршење на самостојна дејност врз основа на Решение за престанок со работа од надлежното Министерство.

4.18.б Ограничувањето на располагање со хартиите од вредност што ги поседува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во акционерските друштва се врши исклучиво врз основа на правосилна судска одлука и акт на надлежен државен орган.

4.19. Во Депозитарот се врши упис и на промени на сопственичките позиции на сметките на хартии од вредност кои се однесуваат на стекнувањето на права на хартиите од вредност, како и промени на сопственичките позиции заради упис на други факти важни за правниот промет со хартиите од вредност. Овие промени се однесуваат на уписот на залогот на хартиите од вредност, пренос на хартиите од вредност заради обезбедување (фидуцијарен пренос), привремени мерки на забрана на отуѓување и оптоварување на хартиите од вредност за запленување на хартии од вредност и присилна наплата на хартиите од вредност. Покрај наведените промени, операторот на сметка ќе изврши и соодветен упис на сметката на сопственикот и врз основа на одлука на судот или на друг овластен орган и друга полноважна-извршна исправа, заверени договори, доколку се работи за факти што се од значење и имаат влијание на правниот промет со хартии од вредност.

4.20. Начинот и постапката на упис на залогот на хартии од вредност на сметката на сопственикот во Депозитарот договорно го утврдуваат Депозитарот и Заложниот регистар.

При реализација на заложно право, Депозитарот спроведува пренос на сопственоста на заложените хартии од вредност, од сметката за хартии од вредност на залогодавачот на сметката за хартии од вредност на залогопримачот, само доколку во целост се исполнети условите и постапката предвидена со Законот за Договорен залог.Преносот ќе се спроведе во Депозитарот со нетрговски пренос доколку биде доствена следната документација:

- Барање за спроведување на пренос на сопственост врз хартии од вредност од овластениот нотар
- Записник за стекнување право на сопственост врз заложен предмет изготвен од овластениот нотар кон кој ќе бидат приложени сите докази предвидени со Законот за договорен залог,
- Договорот за залог со вклучена клаузула за согласност на должникот за пренос на сопственоста на заложените хартии од вредност, согласно чл.23 од Законот за договорен залог,
- потврда за известување на должникот дека доверителот иницирал постапка за реализација на заложното право.

Преносот ќе се спроведе во редовната постапка на порамнување доколку се работи за реализација на заложно право по пат на продажба на заложените хартии од вредност и намирување на залогопримачот од продажбата на хартиите од вредност во согласност со точка 5.30 од овие Правила.

И во двата случаи на реализација на заложното право новиот сопственик хартиите од вредност ги стекнува слободни од било какви ограничувања.

4.20 - а Пренос на хартии од вредност кои биле во сопственост на трговско друштво бришано од Трговскиот регистар врз основа на член 552-а и 552–б од Законот за трговски друштва ќе се спроведе доколку до Депозитарот биде доставена следната документација:

1. Решене за бришење на трговското друштво издадено од Централниот регистар – Трговски регистар и регистар на други правни лица

2. Тековна состојба на избришан субјект издадена од Централниот регистар за тоа кои биле сопственици на удели, односно акции во трговското друштво кое било избришано во моментот на бришењето на трговското друштво од Трговскиот регистар

3. Нотарски заверена Спогодба со извршна клаузула за распределба на хартиите од вредност помеѓу сопствениците на удели, односно акции, или нотарски заверена Изјава од сопственикот на уделот, односно акциите доколку трговското друштво било основано од едно лице.

Депозитарот ќе го изврши преносот од став 1 на оваа точка доколу потребната документација биде доставена во рок од една година од денот на донесувањето на решението за бришење.

4.21. Уписот на сметката на сопственикот на хартии од вредност за запленување и продажба на хартиите од вредност, заради присилна наплата на побарувањата, Депозитарот го врши врз основа на налог на надлежниот суд или извршител, со точно назначување на хартиите од вредност на сопственикот на сметката, со забрана да ги отуѓи или оптовари запленетите хартии од вредност.

4.22. Уписот на сметката на сопственикот на хартиите од вредност за привремена мерка за забрана на отуѓувањето и оптоварувањето на хартиите од вредност Депозитарот го врши со означување на сметката на сопственикот, врз основа на налог на основниот суд, а заради обезбедување непарично побарување на доверителот. По уписот на привремената мерка, на сопственикот на сметката во Депозитарот не му се дозволува да ги отуѓи или оптовари предметните хартии од вредност, и не е дозволен било каков упис на сметката врз основа на налог на сопственикот на сметката.

4.23. Уписот на сметката на сопственикот на хартии од вредност за привремена мерка и присилната наплата врз хартиите од вредност се означува на сметката на сопственикот на хартиите од вредност во Депозитарот, врз основа на налог на надлежниот суд, односно надлежниот државен орган што ја донел одлуката за упис на привремената мерка односно присилната наплата.

По означувањето на блокираната сопственичка позиција, не е дозволен било каков упис врз основа на налог на сопственикот на сметката.

4.24. Уписот на сметката на сопственикот на хартии од вредност на нов полномошник кој има право на глас, го врши издавачот или Депозитарот врз основа на уреден налог на сопственикот на сметката - давател на полномошното за упис на податоци за полномошникот кој има право на глас.

Полномошникот се запишува во Депозитарот на сметката на сопственикот на хартиите од вредност, врз основа на издадено полномошно од страна на сопственикот на сметката.

4.25. Бришењето на хартиите од вредност на сметките што се водат во Депозитарот се врши врз основа на заверен налог од овластениот орган на издавачот или врз основа на судска одлука.

4.26. Овластениот орган на издавачот може да даде налог за бришење на конкретната хартија од вредност само во случај на корпоративно дејствие што произлегува од статусни промени што предизвикува престанување на важноста или замена на таа хартија од вредност.

4.27. Депозитарот врши бришење на конкретна хартија од вредност и врз основа на правосилна и извршна судска одлука.

4.28. Бришењето на конкретната хартија од вредност го врши Депозитарот по претходно исполнување на сите обврски кои се однесуваат на таа хартија од вредност, на начин и во рокови пропишани со упатство на Депозитарот.

4.29. Затворање на сметката на сопственикот на хартии од вредност во Депозитарот се врши кога на конкретната сметка веќе не е запишана никаква сопственост.

4.30. Затворање на сметка на издавач на хартии од вредност во Депозитарот се врши врз основа на налог на надлежниот суд со правосилна одлука за завршување на стечајна или ликвидациона постапка, како и со правосилна одлука на надлежниот орган на Акционерското друштво запишана во Трговскиот регистар за преобразување на друштвото во друг вид на трговско друштво.

4.31. Уписот, промените и бришењето на сопственичките позиции на сметките за хартии од вредност, затворањето на сметките за хартии од вредност, , како и други дејствија во врска со настанати промени на сметките што се водат во Депозитарот го врши единствено операторот на сметки.

4.32. Операторот на сметки презема дејствие по претходна целосна проверка на комплетноста, уредноста и исправноста на налогот од претходните точки, а особено:

- идентитетот на налогодавачот;
- исправноста и карактерот на овластувањето;
- валидноста и исправноста на налогот;
- проверка дали сопственичката позиција е слободна.

4.33. Согласно овие Правила, единствено операторот на сметки и овластениот брокер можат да вршат резервација на сопственичките позиции на сметките на хартии од вредност, по добиено овластување од сопственикот на хартиите од вредност или негов законски застапник.

Овластувањето може да се однесува само на резервација на хартии од вредност за идна продажба, само на увид во состојбата на сметката за хартии од вредност, или на резервација и на увид во сметката за хартии од вредност.

Освен овластениот брокер и Депозитарот, право на увид во збирна и старателска сметка за хартии од вредност може да има и овластено лице вработено кај членка на Депозитарот кое извршува функција на чувар на имот (старател), за збирни и старателски сметки отворени на име на таа членка.

Овластувањето се евидентира на сметката за хартии од вредност од страна на овластен брокер, или од страна на операторот на сметка на барање на сопственикот на сметката за хартии од вредност.

Овластувањето само за увид, само за резервација, или за увид и резервација на ограничена сметка може да го евидентира само операторот на сметка на барање на овластен брокер или овластено лице вработено кај членка на Депозитарот кое извршува функција на чувар на имот (старател) за ограничени сметки отворени на име на таа членка.

4.34. Резервирањето на сопственичките позиции на сметките на сопственикот на хартии од вредност, операторот на сметки и брокерот го вршат по налог на сопственикот на сметката.

4.35. Депозитарот врши автоматско блокирање на сопственичките позиции на сметката на сопственикот по добивањето податоци од страна на Берзата за склучените трансакции со хартиите од вредност.

4.36. Операторот на сметки во Депозитарот, за сите констатирани грешки во поднесените налози, овластувања или други документи доставени до Депозитарот го известува налогодавачот и му ги доставува истите со цел да бидат коригирани, исправени и дополнети.

Сметката на издавачот на хартии од вредност над кој е отворена стечајна постапка се отстранува од активниот систем на Депозитарот, а на издавачот и сопствениците не им се доставуваат изводи од нивните сметки за хартии од вредност.

Сметката на издавачот до завршувањето на стечајната или ликвидационата постапка останува во историската база на податоци на Депозитарот.

4.37. По исклучок, операторот на сметки може да изврши и коригирање на констатираните очигледни грешки без согласност на налогодавачот, врз основа на прописите за заштита на личните податоци.

## 5. УТВРДУВАЊЕ И ПОРАМНУВАЊЕ НА ТРАНСАКЦИИ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

5.1. Депозитарот врши утврдување и порамнување на траксакциите со хартии од вредност.

5.2. Предмет на утврдување и порамнување во Депозитарот се сите трансакции со хартии од вредност што се склучени на овластена берза за хартии од вредност АД Скопје (во понатамошниот текст: Берза) и на пазари на хартии од вредност регулирани од страна на Народна банка на Република Македонија (пазари преку шалтер).

5.3. Трансакциите со хартии од вредност склучени на Берзата се порамнуваат согласно Законот за хартии од вредност и процедурите на Берзата, односно согласно претпоставениот ден за порамнување.

Трансакциите склучени на пазари преку шалтер се порамнуваат согласно подзаконски акти донесени од Народната банка на Република Македонија.

5.3.а Порамнувањето на трансакциите при продажба на државен капитал, кога како продавач се јавува државен орган, а како купувач се јавува странско физичко или правно лице, може да се врши и во странска валута.

За таа цел, државниот орган кој се јавува како продавач, отвора девизна сметка кај Народна банка на Република Македонија, које е девизен агент на државните органи.

Народна банка на Република Македонија и државниот орган склучуваат договор во кој се регулираат овластувањата на Централниот депозитар за зафаќање на таа сметка со цел за спроведување на порамнувањето во согласност со законскиот принцип „Испорака наспроти плаќање“.

По спроведување на порамнувањето Централниот депозитар дава на Народна банка на Република Македонија налог каде да ги префрли средствата од продажбата.

Износот на провизијата за порамнувањето според важечката тарифа, државниот орган го плаќа со испоставување на фактура по истекот на месецот за претходниот месец.“

5.4. Депозитарот го извршува утврдувањето и порамнувањето на трансакциите со хартии од вредност врз основа на податоците за склучените трансакции што ги добива од Берзата и Народната банка на РМ за порамнување на трансакции склучени на пазари преку шалтер .

Податоците за склучените трансакции со хартии од вредност Берзата ги доставува до Депозитарот во електронска форма на денот кога истите се склучени најдоцна до 15.50 часот . Начинот на доставување и потврдување на добиените податоци за склучените трансакции со хартии од вредност заеднички го договараат Берзата и Депозитарот.

5.5. Податоците за склучените трансакции со хартии од вредност на Берзата од точка 5.4. ги содржат најмалку следниве елементи

- ИСИН број на хартијата од вредност
- Идентификационен број на трансакцијата од Берзата
- Количина
- Идентификационен код на брокерот купувач
- Број на сметка на хартии од вредност во Депозитарот на Купувачот
- Идентификационен код на брокерот продавач
- Број на сметка на хартии од вредност во Депозитарот на Продавачот
- Цена на тргување на Берзата
- Цена по единица (по хартија од вредност)
- Датум на тргување
- Планиран ден на порамнување
- Статус на трансакцијата
- Код на берзата/пазарот

5.6. По приемот на податоците за склучените трансакции од Берзата и Народната банка, Депозитарот ги архивира истите и пристапува кон спроведување на постапката на утврдување и порамнување.

5.7. По приемот на податоците од страна на Берзата се смета дека склучените трансакции со хартии од вредност на Берзата се неотповикливи и членките на Депозитарот не можат еднострано да извршат никакви промени, односно да ги поништат истите.

5.8. По исклучок од точка 5.7., Депозитарот може да изврши промени или да ги поништи трансакциите со хартиите од вредност единствено во случај на барање на Берзата, заради отстранување на грешки направени при склучување на трансакцијата од страна на членките или поради евентуални непредвидливи грешки во системот за тргување на Берзата.

Начинот и постапката на поништување или промена на трансакцијата од став 1 на оваа точка заеднички го уредуваат Берзата и Депозитарот.

5.9. Промената или поништувањето на трансакцијата може да се направи најдоцна 3 часа пред часот на порамнувањето на денот на порамнувањето.

5.10. Во случај на промена или поништување на трансакцијата, Депозитарот е должен да изврши нова пресметка на обврските што произлегуваат од трансакциите и за тоа да ја информира Берзата и членките-учесници во порамнувањето на трансакцијата.

5.11. Постапката на утврдување и порамнувањето на трансакциите со хартии од вредност во Депозитарот обезбедува конечна и неотповиклива замена на хартиите од вредност за парични средства, согласно условите под кои се склучила трансакцијата на Берзата и овие Правила.

5.12. Во постапката на утврдување и порамнување на трансакциите можат да се користат единствено хартии од вредност кои се водат на определени сметки на хартии од вредност во Депозитарот што се слободни од било какви товари и ограничувања, освен по исклучок кога ограничувањето се однесува на право на глас или дивиденда или друго ограничување кое не е поврзано со располагањето, а кое е ограничено со одлука на надлежен орган или овластено лице. Доколку било кое право кое произлегува од сопственоста врз хартии од вредност е ограничено со судска одлука, таквите хартии од вредност не можат да бидат дел од постапката на утврдување и порамнување.

5.13. Порамнувањето на склучените трансакции со хартии од вредност на Берзата во Депозитарот се извршува на бруто-основа, односно за сите учесници во порамнувањето на трансакциите со хартии од вредност се врши пренос на хартиите од вредност врз основа на секоја поединечна трансакција што ја склучиле на определен ден на тргување, а преносот на паричните средства се извршува на нето основа, односно преку пресметка на обврските на учесниците во порамнувањето од сите куповни и продажни трансакции на ниво на учесник (BIS model II).

5.13-а. Учесник во порамнувањето во делот на паричните средства, на куповна и на продажна страна е и членка - чувар, за клиентите со кои склучила договор за чување на хартии од вредност или договор за чување на имот за инвестициски или пензиски фондови. Клиентите на членката - чувар и даваат овластување за порамнување на паричниот дел од трансакцијата со хартии од вредност за нивната старателска или збирна сметка за хартии од вредност.

5.14. Сите учесници во порамнувањето што склучиле трансакции со хартии од вредност на определен ден на тргување, на денот на порамнувањето мораат да обезбедат определена количина на хартиите од вредност (доколку биле продавачи) и определени парични средства (доколку биле купувачи) за секоја поединечна трансакција.

5.14-а. Во порамнувања во кои во паричниот дел на трансакцијата е учесник членка - чувар на куповна страна, истата на денот на порамнувањето, треба да има обезбедено на нејзината сметка за порамнување во НБРМ, доволна количина парични средства, додека членката берзански посредник на продажна страна, на денот на порамнувањето треба да обезбеди доволна количина хартии од вредност.

5.15. Членката-купувач на хартии од вредност во определена трансакција мора да ги обезбеди потребните парични средства на нејзината сметка за порамнување во НБРМ, до денот на порамнување.

5.15 а При спроведување на трансакција со хартии од вредност во која на куповната и продажната страна се јавува иста членка - берзански посредник, или иста членка - чувар, членката берзански посредник, односно членката - чувар е должна најдоцна до денот на порамнувањето на трансакцијата, да ги депонира потребните парични средства за порамнување на таквата трансакција, на посебна сметка на Депозитарот што се води во Народна Банка на Република Македонија.

Порамнувањето на трансакцијата од претходниот став се спроведува во согласност со точка 5.16, став 3 од овие Правила.

Паричните средства депонирани согласно ставот 1 од оваа точка, Депозитарот ги враќа на сметката на членката по затворање на циклусот на порамнување за тој ден.

Доколку потребните парични средства не бидат депонирани на посебната сметка на Депозитарот, ќе се применува постапка на порамнување предвидена со Правилата за формирање и начинот на користење на Гарантниот фонд.

5.16. Депозитарот доставува детално известување до секоја членка во определена трансакција со хартии од вредност за нејзините обврски на определен ден на порамнувањето најдоцна до 09 часот на еден ден по денот на тргувањето, во електронска форма (преку системот на ЦДХВ). Содржината на известувањето се уредува со Упатство донесено од страна на извршниот директор.

Порамнувањето на берзанските трансакции се спроведува согласно термински план усогласен со НБРМ.

5.17. Кај должничките хартии од вредност со периодична исплата на каматата, во вкупните парични обврски на учесникот во порамнувањето се вклучува и износот на акумулираната камата.

5.18. Членката во процесот на порамнување е должна да ја провери точноста и потполноста на известувањето од точка 5.16. од овие Правила, односно да го извести Депозитарот доколку не го примила известувањето и/или доколку ја оспорува точноста и потполноста на известувањето. Доколку во рок од 3 часа од моментот кога известувањето и станало достапно на членката, таа не ја оспори точноста и потполноста на известувањето, се смета дека тоа е точно и потполно.

5.19. Со потврдувањето на точноста и потполноста на известувањето од точка 5.16., членката се обврзува да ги исполни обврските кои што се содржани во известувањето и со тоа се откажува од правото на приговор на неговите права и обврски содржани во известувањето.

5.20. Членките учесници во определена трговска трансакција со хартии од вредност се должни да да ги наведат сметките што се водат во Депозитарот, на кои треба да се распореди количината на хартии од вредност што е купена т.е. продадена во определена трансакција, (распоредување на трансакции).

5.21. Членките - учесници во порамнувањето можат да ги распоредат хартиите од вредност од конкретната трансакција само на оние сопственици на сметки на хартии од вредност кои за тоа им дале писмено овластување.

5.22. По правило, распоредувањето на трансакциите се врши при самото тргување на Берзата, односно Депозитарот ги добива тие податоци при доставувањето на податоците од точка 5.4 од овие Правила.

5.23. Во случаите кога се спроведува групно тргување на членките - учесници во порамнувањето, Депозитарот им отвора посебни сметки за порамнување на групни трансакции со хартии од вредност и тоа:

- сметка за групирање на хартиите од вредност од повеќе сметки на повеќе клиенти по пат на резервации, со цел да се обезбеди потребната количини на хартии од вредност при порамнување на продажната групна трансакција (групна продажна сметка);
- сметка за распределување на хартиите од вредност по спроведувањето на порамнувањето на куповна групна трансакција, со последователна автоматска дистрибуција на хартиите од вредност на повеќе сметки на повеќе клиенти по пат на нетрговски преноси кои ги спроведува Депозитарот (групна куповна сметка.

Во случаите кога се спроведува порамнување на трансакција со групно тргување, Депозитарот нема да издава акционерски книги на друштвата издавачи на хартиите од вредност со кои се спроведува групно тргување заклучно до 11 часот на денот на порамнувањето.

5.24. Посебните сметки на хартии од вредност од точка 5.23. од овие Правила, во Депозитарот се специјално означени и членките - учесници во порамнувањето можат да ги користат исклучиво за резервации на хартии од вредност на нивните клиенти кои продаваат групно и посочување на сметките на нивните клиенти кои купуваат групно .

5.25. Членката-продавач на хартии од вредност во определена трансакција мора да обезбеди потребните хартии од вредност да се запишани на сметката на хартии од вредност на неговиот клиент во Депозитарот, на денот на порамнувањето.

5.26. Депозитарот проверува дали потребните хартии од вредност се запишани на сметката на хартии од вредност на  сопственикот веднаш по приемот на податоците од Берзата согласно точка 5.4. од овие Правила и доколку на сметката што се проверува постои доволна количина на хартии од вредност, таа количина се блокира до денот на порамнувањето.

5.27. Доколку Депозитарот утврди дека на сметката на хартии од вредност на членката-продавач, односно на сметката на хартии од вредност на неговиот клиент нема доволна количина на хартии од вредност, за тоа веднаш ја информира членката-продавач која е должна да ги спроведе сите активности, со цел да обезбеди доволна количина на хартии од вредност на денот на порамнувањето.

5.28. Преносот на хартиите од вредност од сметката на хартии од вредност на членката-продавач, односно нејзиниот клиент, на сметката на членката-купувач, односно нејзиниот клиент, го спроведува Депозитарот на денот на порамнувањето.

5.29. Преносот на средствата од посебните сметки на членките-купувачи во порамнувањето на определени трансакции со хартии од вредност на сметките

на членките-продавачи во Народната банка на Република Македонија, се спроведува по налог на Депозитарот на денот на порамнувањето.

5.30. Доколку на денот на порамнување се исполнети условите за спроведување на порамнувањето, Депозитарот врши пренос на хартиите од вредност од сметката на хартии од вредност што ја назначила членката-продавач на сметката на хартии од вредност што ја назначила членката-купувач, и истовремено дава налог на Народната банка на Република Македонија за пренос на паричните средства од сметката за порамнување на членката-купувач на сметката за порамнување на членката-продавач (испорака наспроти плаќање).

Преносот на хартиите од вредност и паричните средства од претходниот став на оваа точка од овие Правила е конечен и неотповиклив.

5.31. Депозитарот ја спроведува постапката на порамнување на трансакциите со хартии од вредност по хронолошки редослед по кој што истите се склучувале на Берзата, односно врз основа на податоците кои ги добил за тоа од Берзата согласно точка 5.4. од овие Правила.

Доколку на денот на порамнувањето на трансакциите нема доволно парични средства или хартии од вредност хронолошки да се порамнат трансакциите, Депозитарот може да пристапи кон порамнување на преостанатите трансакции за кои има доволно средства или хартии од вредност.

5.32 Депозитарот ги порамнува сите трансакции со хартии од вредност коишто согласно условите при склучувањето на трансакциите, треба да се порамнат на тој ден на порамнување.

Доколку условите за целосно порамнување не се исполнети на денот на порамнувањето, трансакцијата не се порамнува. Депозитарот го известува учесникот во порамнувањето и Берзата дека има непорамнети трансакции на тој ден на порамнување и причините поради кои трансакциите не се порамнети, при што се преминува на постапка на порамнување предвидена со Правилата за формирање и начинот на користење на Гарантниот фонд.

5.33. Паричните побарувања и обврски што произлегуваат од постапката на утврдување и порамнување на трансакциите со хартии од вредност се однесуваат на учесниците во порамнувањето и нивните клиенти. Депозитарот не е одговорен за точноста, ажурноста и потполноста на исполнувањето на меѓусебните парични обврски помеѓу учесниците во порамнувањето и нивните клиенти.

## 6. КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИ И НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

6.1. Корисници на одделни податоци од сметките за хартии од вредност во Депозитарот се:

- издавачите на хартиите од вредност,
- сопствениците на хартиите од вредност, или лица овластени од нив,
- членките на Депозитиратот,
- овластена берза за хартии од вредност,
- Народна банка на РМ
- овластени државни органи и институции.

Корисниците на податоците од претходниот став, добиваат известувања од Депозитарот, согласно закон и овие Правила и склучените договори за меѓусебна соработка.

6.2. Издавачите на хартии од вредност, зависно од видот, начинот и рокот на известување, од Депозитарот ги добиваат следните податоци:

- состојба и структура на хартиите од вредност - вкупно и по одделни сопственици;
- секоја промена на состојбата и структурата на хартиите од вредност-вкупно и по одделни сопственици (име и презиме/назив на фирма, ЕМБГ/РБ, број на хартии од вредност, датум на промена, основ на промена на сопственоста, плаќања на дивиденда/камата, регистрирани права или ограничувања на хартиите од вредност);
- нова емисија на хартии од вредност.

Известувањата до издавачите на хартии од вредност од претходниот став, Депозитарот ги доставува:

- еднаш годишно, бесплатно, со состојба на 31.12. за претходната година во форма на акционерска книга (овој извештај не се доставува до издавачи за кои ќе биде утврден пасивен статус и издавачи кои не ги намириле обврските по основ на годишен надомест за водење на издадените хартии од вредност за претходната година),
- по барање на издавачот за сите останати податоци.

Известувањата од став 2, алинеја 1 од оваа точка се доставуваат во рок од 30 дена од завршувањето на календарската година.

Известувањата од став 2, алинеја 2 од оваа точка се доставуваат во рок од 3 дена од денот на поднесувањето на барање на издавачот на хартии од вредност.

На издавачите кои согласно овие Правила се со блокиран статус Депозитарот не им ги доставува известувањата предвидени во оваа точка, освен на барање на овластени лица или органи со закон (стечајни управници, ликвидатори,

надлежни судови, Комисија за хартии од вредност на Република Македонија и други).

На издавачите кои согласно овие Правила се со пасивен статус и издавачи кои не ги намириле обврските по основ на годишен надомест за водење на издадените хартии од вредност за претходната година извештаите од став 2 алинеја 2 на оваа точка им се доставуваат само со приложен доказ за извршена уплата на надомест согласно Тарифата на ЦДХВ за предметното барање.

6.3. Сопствениците на хартии од вредност, зависно од видот, начинот и рокот на известување, од Депозитарот ги добиваат следните податоци:

- состојба на сметката за хартиите од вредност - по сметка и издавач одделно,
- секоја промена на состојбата на сметката на хартиите од вредност-вкупно и за секој издавач одделно (број на хартии од вредност, дата на промена, основ на промена на сопственоста, плаќања на дивиденда/камата, регистрирани права или ограничувања на сметката на хартиите од вредност),
- нова емисија на хартии од вредност.

Депозитарот овозможува и увид во акционерските книги на акционерските друштва, кој може да го изврши секој акционер. За ваквата услуга, Депозитарот наплатува надомест согласно Тарифата.

6.4. Членките на Депозитарот, имаат право на делумен или целосен увид во сметката на својот клиент во согласност со овластувањето дадено од страна на нивниот клиент.

Лицата вработени кај членка на Депозитарот во зависност од активностите кои ги спроведуваат може да имаат:

- право на увид во сметката на имателот

- право на увид и резервација на хартиите од вредност на имателот

-право само на резервација на хартиите од вредност на имателот.

Начинот и постапката на добивање на податоците од претходниот став на оваа точка, се уредува со посебно упатство на Депозитарот.

6.5. Берзата, зависно од видот, начинот и рокот на известување, од Депозитарот ги добива податоците кои двете институции ги определуваат со меѓусебен Договор за соработка.Со договорот се утврдуваат и сите услови и постапката на доставуавње на податоците.

6.6. Депозитарот доставува одредни податоци  и до овластени државни органи и институции, согласно со закон.

6.7. Депозитарот ги доставува податоците до субјектите утврдени со закон и овие Правила на еден од следните начини:

- преку компјутрскиот систем,
- препорачана и обична пошта,
- преку електронска пошта,
- на магнетен медиум.

6.8. За дадените податоци и известувања Депозитарот за извршените услуги на корисниците им наплатува надомест согласно тарифата на Депозитарот со доставување на фактура за извршени услуги.

# 7. ЗАШТИТА ОД ГРЕШКИ ВО ДЕПОЗИТАРОТ

7.1 Заштитата од грешки во работата Депозитарот ја обезбедуваат органите и вработените во Депопзитарот.

7.2 Депозитарот обезбедува да не дојде до оштета или губење на податоците што се внесуваат како и главната и историската база на податоци да бидат постојано достапни на вработените и членките на Депозитарот.

Депозитарот презема мерки и активности во работењето на Депозитарот да не се извршуваат нелегални и неовластени промени на податоците на сметките што ги води, кои може да предизвикаат давање на погрешни информации, грешки во работата на Депозитарот, како и материјална штета и загуби на членките на Депозитарот и нивните клиенти.

7.3 За остварување на заштитата од грешки депозитарот обезбедува:

- секое овластено лице кој има пристап во работата на Депозитарот да биде со посебно овластување, и да има свој идентификационен код за влез во депозитарот (лозинка);
- овластеното лице да има пристап за внес во Депозитарот само на ограничен број претходно дефинирани трансакции и ограничен пристап кон податоците во Депозитарот согласно овластувањата од своите клиенти;
- Депозитарот ја ограничува употребата на трансакциите од секое овластено лице во рамките на овластувањата и на секој вработен во рамките на неговите надлежности;
- сервисот за корисници на Депозитарот, операторот на сметки и брокерите да ги архивираат сите влезни и излезни документи во депозитарот ;
- сите регистрации (уписи) на сметките од овластените лица се контролираат во посебна постапка уредена со упатство за начинот и условите на запишување на хартиите од вредност со што се обезбедува двојна контрола на хартиите од вредност при уписот и промените на сопствениците;
- оспособеност и овластување за работа во депозитарот за сите вработени за да се осигура системот на регистрација (упис) да се извршува стручно и одговорно
- Депозитарот обезбедува секојдневна контрола на сите трансакции односно промени на сметките на сопствениците и емисиите како и докази за сите извршени промени во рамките на Депозитарот, со можност за реконструкција за сите активности на депозитарот;
- Депозитарот обезбедува база на податоци која овозможува во секое време да се согледаат извршените трансакции и промени што се внесуваат во Депозитарот (историска база на податоци)
- Историска база на податоци не може во никој случај и под никакви околности да се промени туку истите може само да се надополнуваат;
- Депозитарот обезбедува дневен извештај во електронски облик за сите промени што се извршени во базата на податоци во Депозитарот во текот на еден ден, како архива на дневните промени;

- Промените во главната база на податоци на Депозитарот операторот на сметки ги врши само врз основа на валидна документација;
- Техничките интервенции на системот на депозитарот се вршат исклучиво со однапред одобрен план од Директорот на Депозитарот и без било какви права за промени во базата на податоци.

7.4 Заради сигурност на системот и можноста од уништување на целиот систем вклучувајќи ја главната и историската база на податоци, Депозитарот обезбедува дневен пренос во реално време на извршените трансакции на Бекап систем што функционира во посебна локација определена од Депозитарот.

7.5 Депозитарот е должен да врши секојдневна проверка на рамнотежата на базата на податоци за хартии од вредност (број на хартии од вредност во оптек) и база на податоци за сметки (хартии од вредност регистрирани на сметките).

7.6 Одстранувањето на евентуалните грешки се врши врз основа на упатство на Депозитарот.

За да не дојде до неовластен пристап во системот на Депозитарот, Депозитарот обезбедува физичка заштита на системот и документацијата со што ќе се оневозможи ризикот од намерни и неконтролирани дејствија во базата на податоци исистемот на Депозитарот.

## 7-А ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИТ-ЦЕНТАР

7-а.1. ИТ-центарот на Депозитарот ги овозможува следните функционалности поврзани со работењето на Депозитарот:

- овозможување на правилно, непрекинато и ефикасно функционирање на компјутерскиот систем, вклучувајќи и примена на ефикасни и делотворни сигурносни мерки за управување со ризиците од евентуално нарушување на функционирањето на системот;
- воспоставување на механизми за непречено и ефикасно порамнување на проследените трансакции со цел порамнување на истите;
- обезбедување на континуитет во работењето на Депозитарот во случај на неправилно функционирање или прекин на комјутерскиот систем;
- обезбедување на пристап на членките до комјутерскиот систем согласно актите на Депозитарот;
- обезбедување на непрекинато напојување со електрична енергија;
- обезбедување на физичка сигурност на системот преку физичко обезбедување на работните простории и информатичко-комуникациската опрема
- обезбедување на други услуги на Депозитарот (веб страницата на Депозитарот, дистрибутивниот систем на Депозитарот, маил сервис и друго).

7-а.2. Организирањето на ИТ-центарот Депозитарот може освен самостојно да го организира и преку целосна или делумна интеграција со ИТ-центрите на други правни лица (правни лица кои нудат услуги од информатичка технологија, овластени берзи) или преку користење на услуги од други субјекти кои нудат услуги на ИТ-центар.

7-а.3. Депозитарот може да изврши интеграција на својот ИТ-центар со ИТ центарот на друга институција согласно точка 7-а.2 од ова Поглавје, за што задолжително ја известува Комисијата за хартии од вредност. Формирањето на заедничкиот ИТ-центар се прави со цел постигнување на подобар квалитет на услугите, рационализација на трошоците во врска со инвестициите во информатичка технологија, подобрување на вештините на вработените, воведување на менаџмент на информатичка технологија, подобро искористување на ресурсите, воведување на заедничко управување при развој во делот на информатички технологии и подобрување на извршувањето на функциите на институциите на планот на информатичка технологија генерално.

Правата, обврските и одговорностите на Депозитарот и другата институција во врска со формирање и одржување на заедничкиот ИТ-центар од став 1 на оваа точка подетално се уредуваат со потпишување на меѓусебен договор, а во согласност со условите пропишани во овие Правила.

За формирањето на заедничкиот ИТ-центар од став 1 на оваа точка се обезбедува мислење од независно стручно лице дека заедничкиот ИТ-центар не го доведува во прашање тековното, нормално и непречено функционирање на Депозитарот.

7-а.4. Депозитарот може да вложува сопствени финансиски средства за формирање на заедничкиот ИТ-центар, при што начинот на распределбата и покривањето на трошоците кои произлегуваат во текот на постапката за формирање на заедничкиот ИТ-центар со другата институција подетално се регулираат преку потпишување на соодветни протоколи.

Депозитарот може да вложува сопствени финансиски средства за инвестициското одржување на заедничкиот ИТ-центар, при што начинот на покривањето на трошоците кои произлегуваат од инвестициското одржување подетално се регулираат преку потпишување на соодветни инвестициски протоколи со другата институција.

Вложувањата од страна на Депозитарот во материјални и нематеријални средства за потребите на заедничкиот ИТ-центар се евидентираат во книговодствената евиденција на Депозитарот сразмерно на вложувања направени согласно став 1 и 2 од оваа точка.

7-а.5. Депозитарот е должен да ги преземе потребните технички мерки со цел да обезбеди дека функционирањето на неговиот компјутерски систем во рамки на заедничкиот ИТ-центар е организирано на начин што овозможува целосна независност и посебност од функционирањето на системите за информатичка технологија на другата институција.

Депозитарот е должен да обезбеди целосна независност и одвоеност на своите бази на податоци  и софтверски програми  од базите на податоци и софтверските програми на другата институција.

Депозитарот е единствен сопственик на своите бази на податоци и на податоците во истите лоцирани на системите за информатичка технологија во заедничкиот ИТ-центар и ги задржува сите права од интелектуална сопственост на софтверските решенија развиени за потребите на работењето на Депозитарот.

Депозитарот останува единствен добавувач на услугите на своите клиенти  и единствен корисник односно сопственик на лиценците за користење на софтверски апликации за своето работење.

7-а.6. Депозитарот ги презема потребните мерки и активности за редовно и периодично одржување на системите за информатичка технологија во заедничкиот ИТ-центар и презема мерки и активности од заштита од грешки во функционирањето на заедничкиот ИТ-центар.

Депозитарот ги презема потребите мерки за обезбедување на  мрежни бариери и правила за пристап до информациите на своите системи за информатичка технологија лоцирани во заедничкиот ИТ-центар.

7-а.7. Депозитарот презема целосна одговорност за непречено фукционирање на своите системи за информатичка технологија во заедничкиот ИТ-центар.

Во случај на дефект на системите за информатичка технологија во заедничкиот ИТ-центар поврзани со одвивањето на деловните операции на Депозитарот соодветно се применуваат одредбите од член 3.15 и 3.16 и Поглавје 7 од овие Правила, како и интерните акти за постапување при непредвидени ситуации.

7-а.8. Депозитарот презема мерки за безбедност на своите системи за информатичка технологија од аспект на заштита на доверливоста на податоците во рамки на функционирањето на заедничкиот ИТ центар.

Депозитарот применува соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци во рамки на системите за информатичка технологија во заедничкиот ИТ-центар во согласнот со законска и подзаконски акти од областа на заштита на личните податоци, како и во согласност со интерните акти на Депозитарот за заштита на личните податоци.

Депозитарот врши следење и анализа на ризиците од процесите кои се превземаат во рамки на заедничкиот ИТ центар и врз основа на извршената проценка ја утврдува потребата, видот и обемот на дополнителните технички и организациски мерки кои е неопходно да бидат преземени заради заштита на податоците во рамки на системите за информатичка технологија во заедничкиот ИТ-центар.

Депозитарот ја обезбедува потребната хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера, како и потребната заштита за сигурност и безбедност на системите за информатичка технологија од неовластени обиди за влез или пробивање на системите.

7-а.9. Депозитарот назначува одговорно лице кое се грижи за координирано и непречено организирање на активностите во врска со формирањето и одржувањето на заедничкиот ИТ-центар, со права, обврски и одговорности утврдени со актите на Депозитарот.

## 8 . ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8.1. Податоците за издадените обврзници од страна на Република Македонија за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија и нивните сопственици што ги води Заводот за платен промет, согласно Одлуката за овластување на институција што ќе ги врши работите на Регистар на обврзници во нематеријализиран облик (“Службен весник на РМ” бр.40/2000), ќе се пренесат во Централниот депозитар на хартии од вредност, на начин и постапка утврдени со овие Правила, упатствата на Депозитарот и Правилникот за содржината, начинот и постапката за водење на Регистарот на обврзници во нематеријализиран облик за девизните штедни влогови на граѓаните за кои гарант е Република Македонија (“Службен весник на РМ”, бр.75/2000) .

8.2. Депозитарот ќе отвори сметка на издавачот на обврзници - Република Македонија, со состојба на денот на преземањето на Регистарот на обврзници.

Претходно настанатите промени во Регистарот на обврзници Заводот за платен промет, ќе ги пренесе на Депозитарот, како документи од трајна вредност.

8.3.Со отворањето на сметка на издавачот, Депозитарот ќе донесе поблиски прописи со кои ќе ги уреди прашањата што се однесуваат на работењето со овие обврзници.

8.4. Депозитарот со отворањето на сметка на издавачот ќе отвори сметки и на сите сопственици на обврзници, доколку истите веќе немаат отворено сметка на хартии од вредност по друг основ.

8.5. Правата и обврските што ги има Заводот за платен промет, во однос на трансакциите со обврзниците, во целост ги презема Депозитарот, доколку со закон, Одлука на Владата на Република Македонија и овие Правила не е поинаку определено.

8.6. По преземањето на обврзниците од точка 8.1., Депозитарот ќе обезбеди постапките и начинот на работа со учесниците во работењето на Депозитарот, издавачот и сопствениците на обврзници да се остварува на соодветен начин со кој истите непречено ќе ги остваруваат своите права утврдени со Законот за начинот и постапката на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија.

8.7. Преносот на сопственоста на обврзниците по основ на користење на истите согласно член 17 од Законот за начинот и постапката за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија се врши со пренос на обврзницата од сметката на давателот на сметката на примателот, на начин и постапка утврдени со овие правила и упатствата на Депозитарот.

8.8. Упатствата и другите акти за работа на Депозитарот, ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на донесување на овие Правила.

8.9. Со конституирањето на Депозитарот, работите што ги врши Заводот за платен промет како институција овластена да ги врши работите на Централен депозитар на хартии од вредност, преминуваат во Депозитарот.

8.10. Активностите кои се преземени од страна на Депозитарот согласно Договорот за стратегиска соработка во областа на информатичка технологија и човечки ресурси во организационите единици за информатичка технологија на Централниот Депозитар АД Скопје и Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, склучен на 22.03.2018 година се сметаат за преземени активнивности во смисла на 7-а од Правилата за работа и на сите понатамошни активности ќе се применуваат одредбите од оваа точка.

8.11. Мислењето од независно стручно лице во Извештајот за соработка помеѓу Македонска берза АД Скопје и Централниот Депозитар АД Скопје во областа на информатичка технологија, обезбедено пред започнување на активностите од 8.10 од оваа точка се смета за исполнување на условот од точка 7-а.3. став 3 од Правилата за работа.

8.12 Овој пречистен текст започнува да се применува од 05.04.2024 година со што престанува да важи Пречистениот текст на Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје 01-601/4 од 19.02.2019 година.

**Одбор на директори**
**Претседател**

**Иван Штериев**